PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# НЕИСКОРИСТЕНАТА ЕКСПЕРТИЗА



## СТУДИЈА ЗА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ТВ ЕМИСИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ




СТУДИЈА ЗА УЧЕСТВОТО НА

# ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ТВ ЕМИСИИ

ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДИЈА
НА СЛУЧАЈ

# НЕИСКОРИСТЕНАТА ЕКСПЕРТИЗА
# СТУДИЈА ЗА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ТВ ЕМИСИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АВТОРКИ

**м-р Ивана Јордановска**
Постара истражувачка и надворешна соработничка на Институт ПРЕСПА

**Зорана Антовска**
Истражувачка практикантка на Институт ПРЕСПА

Институт ПРЕСПА
Мај, 2021

# ВОВЕД

Во борбата за родова еднаквост, жените од Северна Македонија постигнаа основна еднаквост пред законот. Уште од 1945 година, жените можат да гласаат, да се кандидираат за функции и да имаат свои банкарски сметки. Со ратификувањето на Истанбулската конвенција во 2018 година, земјата дополнително се обврза на постигнување еднаквост, барем на хартија.

Реалната ситуација за жените продолжува да биде вознемирувачки неправедна. Веројатноста за родово базирана дискриминација на работното место е двојно поголема за жени отколку за мажи[1], една петтина од жените во Скопје биле несоодветно допрени без нивна согласност[2] и 62,3% од жените се економски неактивни[3]. Според Државниот Завод за Статистика, во последните 5 години, во просек, 6.000 момчиња повеќе од девојчиња го започнале образованието во основно училиште на годишно ниво. Меѓутоа, овој диспаритет има пресврт во подоцнежните години на академското образование. Во просек 58,7% од дипломираните студенти на додипломски студии се жени во последните 5 години.

И покрај овие академски достигнувања, жените не се сметаат како експерти во повеќето области. Ова истражување придонесува за подобро разбирање на јазот помеѓу мажите и жените во перцепцијата на експертизата, особено во медиумите. Политичките ТВ-емисии се потпираат на експерти за да ги објаснат сложените општествени и политички прашања на пошироката јавност. Тоа е природно и логично место за проектирање на експертиза. Сепак, жените се далеку помалку застапени на политичките ТВ-емисии, а особено на одредени теми.

Наодите во овој извештај се, во најмала рака, разочарувачки. Жените претставуваат помалку од 20% од сите гости соговориници во ТВ-емисиите и 70% од сите ТВ-емисии во 2020 година имале само мажи како гости соговорници. Областите што добиваат најмногу време за емитување се теми од домашната и надворешната политика, а ова веројатно се должи на највисокото ниво на гледаност. Случајно, овие се области каде што жените се најмалку веројатно да се појават како експерти.

Конечно, додека авторките ја препознаваат небинарната природа на полот, оваа студија се занимава со застапеност на жените во потрадиционалното разбирање на полот. На наше разочарување, ниту една емисија немаше гостин што отстапуваше од бинарните норми за пол, покажувајќи ни уште еднаш, дека овие групи остануваат крајно маргинализирани во Северна Македонија. Се надеваме дека идна студија од ваков вид ќе ја акцентира потребата од вклучување на небинарната категорија заради вклучување на членовите на овие групи како експерти за ТВ дебата во нивните области.

[1] Васка Лешоска и сор., „Родово базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија" (Скопје, Северна Македонија: Реактор – Истражување во акција, 2019).

[2] Марија Башевска, „Родово базирано насилство на јавни места во Скопје" (Скопје, Северна Македонија: Реактор - Истражување во акција, 2020 година).

[3] Тања Иванова, „Родов аспект на социјалните и економските ефекти од кризата предизвикана од пандемската криза со коронавирусот (Џovid19) " (Скопје, Северна Македонија: Реактор - Истражување во акција, 2020 година).

# ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на оваа пилот-истражувачка студија е да се извлечат заклучоци за бројот на жени експерти во медиумите. Фокусот е единствено на политички дебатни ТВ емисии поради големиот број надворешни гости соговорници. За разлика од информативните програми, политичките ТВ дебати се потпираат на надворешна експертиза во покривање на теми. Како резултат на ова, ТВ-продуцентите го обликуваат јавното мислење за тоа кој се смета за експерт во дадена област. Надвор од наодите во овој извештај, ова истражување може да биде и почетна точка за подетална анализа на прикажувањето на жените како експерти и нивниот третман во визуелните медиуми.

Истражувањето, вклучително и собирање на информации, кодирање и анализа, го изврши г-ѓа Ивана Јордановска, како главна истражувачка и г-ѓа Зорана Антовска, како асистентка истражувачка. За повеќе информации за истражувачките, погледнете ја веб-страницата на Институтот ПРЕСПА и биографските информации вклучени во оваа публикација.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИМЕРОК НА ИНФОРМАЦИИ

Анализираниот примерок е собран од 10 јануари 2021 година до 21 март 2021 година и се состои од 980 епизоди од седум различни дебатни емисии, емитувани на канали на една од националните телевизии. Вклучувајќи ги *360 Степени* на Алсат, *Само Вистина* на Канал 5, *Топ Тема* на Телма ТВ, *Click Plus* на ТВ21, *24 Анализа* на Телевизија 24, *Заспиј Ако Можеш* на ТВ Алфа, и *Што Не Е Јасно* на ТВ Алфа. Примерокот ги вклучува сите епизоди достапни на онлајн на YouTube, со исклучок на специјалните епизоди што не го следат вообичаениот формат на емисиите. Вклучувајќи, но и не ограничувајќи се на, епизоди во стилот на теренско анкетирање/истражување на граѓани како и претходно снимени интервјуа со странски функционери.

Сите емисии, со исклучок на *24 Анализа*, беа кодирани од еден кодер. *24 Анализа* беше кодирана од втор кодер, кој исто така случајно избра 10% од сите кодирани епизоди од кодерот 1 и ги кодираше независно. Оваа проверка покажа правилно и конзистентно кодирање од кодерот 1 без поголеми проблеми.

Слика 1 го покажува бројот на следени епизоди по емисија. Само Вистина имаше најголем број на достапни епизоди на интернет, а 360 Степени најмал број.

**Графикон 1:** Број на епизоди по емисија



Графиконот 2 ја покажува распределбата на епизодите по месец. Притоа, месеците јануари и август имаат најмал број на епизоди, како месеци со најголем број на слободни денови, поради верски или други празници. Останатите месеци покажуваат релативно постојан број на епизоди, со исклучок на февруари. Сепак, бидејќи мониторингот беше спроведен во првите три месеци од 2021 година, можно е некои од епизодите на политичките тв емисии од претходната година да не беа достапни повеќе.

**Графикон 2:** **Распределба на епизоди по месец**



# ИНФОРМАЦИИ ЗА КОДОВИТЕ

**За секоја епизода беа собрани следниве информации:**

- Име на емисија
- Име на ТВ каналот
- Месец на емитување
- Пол на водителот
- Број на неделни епизоди
- Број на гости
- Број на жени гости
- Главна тема на емисијата

За темата на емисијата, развивме неколку категории за кои очекувавме да бидат истакнати. Сепак, како што покажува Табела 1, некои од очекуваните теми  се едвај опфатени во ТВ-емисиите. Категоријата **наука и технологија**, со исклучок на теми од тековната пандемија, теми поврзани со **родови прашања** исто така се едвај дискутирани, и конечно **култура и спорт** со значително мал број на епизоди посветени на кетагоријата.

Треба да се истакне значителна белешка за одлуките за кодирање. Во епизодите каде што беа опфатени повеќе од една тема, за темата на епизодата беше кодирана темата која добила најмногу минути за емитување. Во ретките случаеви кога различни теми добиле приближно подеднакво време, темата на која се разговарало прво е кодирана како тема на епизодата. Имајќи го ова предвид, можно е недоволно застапените категории да добиле време за емитување, што не е видливо во податоците. Сепак, огромните разлики помеѓу различните теми ни покажуваат дека и во најдобро сценарио, овие теми рутински се сметаат за споредни по важност.

**Табела 1: Број на епизоди по тема**

| Домашна политика | Надворешна политика и безбедност | Економија | Наука и технологија | Родови прашања | Образование и социјални прашања | Здравје | Култура и спорт | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 510 | 185 | 70 | 2 | 2 | 32 | 160 | 11 | 8 |

# НАОДИ

Наодите од оваа мониторинг пилот-студија се крајно загрижувачки. Женските гости говорнички сочинуваат помалку од 20% од вкупниот број гости говорници на овие емисии, односно од 1726 гости, само 342 биле жени, а 1384 се мажи. Мажите се далкеу побројни во телевизиската покриеност, односно во просек една жена дебатрала до 4 мажи.

**Графикон 3: Процент на гости мажи наспроти жени**




Кога станува збор за водителите, ситуацијата е значително порамноправена, односно 48% биле жени, а 52% мажи од сите епизоди.

**Figure 4: Пол на водители по епизоди**




Табелата и графиконот подолу покажуваат многу впечатлива разлика помеѓу темите што се емитуваат и не значителното присуство на жени експерти за сите теми. 50-50 е она што претставува еднаква застапеност на половите, додека повеќето епизоди (689) имаат манели (панели со само мажи). Сепак, бидејќи домашната политика е убедливо најпопуларната тема, таа е исто така и онаа со највпечатлива разлика со бројот на манели. *(Табелата и сликата вклучуваат информации за епизоди со 100% машки говорници, еднаков број на мажи и жени и 100% женски говорнички.)*

## Табела 2: Споредба по тема

| Тема/Број на епизоди што вклучуваат: | Само мажи | 50 - 50 | Само жени |
|---|---|---|---|
| Домашна политика | 371 | 58 | 38 |
| Надворешна политика и безбедност | 138 | 17 | 19 |
| Економија | 40 | 6 | 8 |
| Наука и технологија | 1 | 0 | 0 |
| Родови прашања | 0 | 0 | 1 |
| Образование и социјални прашања | 15 | 5 | 7 |
| Здравје | 114 | 19 | 16 |
| Култура и спорт | 6 | 1 | 2 |
| Друго | 4 | 2 | 0 |
| **Вкупно:** | **689** | **108** | **91** |

## Графикон 5: Споредба според темата



За анализа се користи модел на линеарна регресија. Категориската варијабла на темата се претвора во лажни променливи, а полот на водителот се користи како контролна променлива. Коефициентот на образование и социјални прашања е константа. Останатите коефициенти на категоричката променлива се пресметуваат со додавање или одземање од константата.

**Табела 3: OLS модел кој предвидува процент на жени**

| Предвидување на процентот на женски гости врз основа на темата | |
|---|---|
| | Процент на жени |
| Домашна политика | -21.676*** |
| | (5.799) |
| Надворешна политика и безбедност | -21.397*** |
| | (6.115) |
| Економија | -12.816* |
| | (6.801) |
| Наука и технологија | -22.289 |
| | (23.210) |
| Пол | 46.595** |
| | (23.198) |
| Здравствени политики | -18.722*** |
| | (6.158) |
| Култура и спорт | -6.178 |
| | (11.159) |
| Друго | -18.332 |
| | (12.577) |
| Пол на водителот | -2.218 |
| | (2.105) |
| Образование и социјални прашања | 38.956*** |
| | (5.745) |
| N | 977 |
| R2 | 0.029 |
| Adjusted R2 | 0.020 |
| Residual Std. Error | 31.802 (df = 967) |
| F Statistic | 3.205*** (df = 9; 967) |
| *p < .1 | **p < .05 | ***p < .01 |

Интерпретацијата на табелата е како што следува: Коефициентите означени со ѕвездички (а особено две или три ѕвездички) се статистички значајни предвидувачи. Коефициентот за Образование и Социјални прашања се користи како константа наспроти која се оценуваат другите лажни варијабли. Ако темата на епизодата се Образование и Социјални прашања, 38,956% од гостите ќе бидат жени. Ако пак темата е Домашна политика, жените најверојатно сочинуваат 38,956 - 21,676 = 17,28% од гостите.

Жените најверојатно ќе добијат говорнички места со сличен број и на дебатите за Надворешна политика и безбедност, односно (17,559%), нешто повисоки на дебатите за Економија (26,14%) и за Здравство (20,244%). Единствената тема каде што жените најверојатно ќе го сочинуваат мнозинството гости се родовите прашања (85,551%).

СТУДИЈА
НА СЛУЧАЈ





# АНАЛИЗА по ТВ ЕМИСИЈА



# 24 АНАЛИЗА

***24 Анализа*** е емисија на **ТВ 24 Вести**, приватен радиодифузер со национална концесија, што се емитува во просек четири пати неделно. Водители се и мажи и жени, со приближно еднаква распределба меѓу половите. Додека е претежно во формат на дебата во живо во студиото, почетокот на пандемијата ја смени структурата на некои од епизодите. За одреден временски период, гостите беа вклучувани преку видео врски, или во последователен редослед во студиото. Во однос на застапеноста на жените, тој тесно го отсликува вкупниот просек на помалку од 20% од жените експертки.

## Процент на гости мажи наспроти жени




## Пол на водители по епизоди




## Споредба според темата



## 360 СТЕПЕНИ

***360 Степени*** е емисија продуцирана од приватна продукциска куќа со исто име, што одржува дебати еднаш неделно на **ТВ Алсат-М**, приватен радиодифузер со национална концесија. Водителот не се менува и е маж. Во повеќето случаи, има повеќе гости и интензивен стил на дебата. Генерално, емисијата е малку над просекот, со 25% жени гости говорнички од сите гости.

### Процент на гости мажи наспроти жени




### Пол на водители по епизоди




### Споредба според темата



# КЛИК ПЛУС

***Клик Плус*** е емисија што се емитува на **ТВ21**, приватен радиодифузер со национална концесија, што го зголеми својот број на епизоди од една во две епизоди неделно во текот на 2020 година. Водители се исклучиво мажи. Се чини нешто подобро од просекот, со 22% жени говорнички од сите гости.

## Процент на гости мажи наспроти жени




## Пол на водители по епизоди




## Споредба според темата



## САМО ВИСТИНА

***Само Вистина*** се емитува на **Канал 5 Телевизија**, приватен радиодифузер со национална концесија, и се емитува просечно 5 пати неделно. Водителите се воглавном жени, додека во исто време покажува исклучително слаба застапеност на жени говорнички (13,39%). Ова е исто така најмал процент на жени гости говорнички на која било од мониторираните емисии.

### Процент на гости мажи наспроти жени




### Пол на водители по епизоди




### Споредба според темата



# ШТО НЕ Е JАСНО

***Што не е јасно*** е политичка ТВ емисија која се емитува на **Телевизија Алфа**, која е приватен радиодфузер со национална концесија, и се емитува, во просек, 5 пати неделно. Водителите се и мажи и жени, со малку поголем број на епизоди водени на жени. Процентот на жени говорнички е малку над просекот (21,45%).

## Процент на гости мажи наспроти жени




## Пол на водители по епизоди




## Споредба според темата



# ТОП ТЕМА

***Топ Тема*** е емитувана на **Телевизија Телма**, приватен радиодифузер со националана концесија, и се емитува во просек 3 пати неделно. Емисијата е доминантно водена од жени и се чини нешто подобро од просекот, со скоро 25% од гостите гворници да се жени.

## Процент на гости мажи наспроти жени




## Пол на водители по епизоди




## Споредба според темата



# ЗАСПИЈ АКО МОЖЕШ

***Заспиј ако можеш*** се емитува 6 пати неделно на **Телевизија Алфа**, приватен радиодифузер со национална концесија, и истата е водена исклучиво од мажи. Се издвојува и е единствена по фактот што е водена од двајца водители, и двајцата мажи. Во однос на процентот на застапеност на жени говорнички, емисијата има еден од нај ниските проценти односно 18,88%.

## Процент на гости мажи наспроти жени




## Пол на водители по епизоди




## Споредба според темата



# ЗАКЛУЧОЦИ

Овој извештај ги потврди првичните очекувања, дека жените се далеку помалку претставени како експертки на ТВ дебатни емисии. Овој факт има реперкусии врз присуството на жени на позиции за донесување одлуки, како и за целокупната перцепција на знаењето и експертизата на жените во општеството. Како креатори на мислење, ТВ-емисиите имаат значително влијание врз формирањето на мислење и одржувањето или разоткривањето на вообичаените патријархални сфаќања за улогата на жените во општеството.

Важноста на темите, како што е прикажано во бројот на епизоди по тема, исто така, ни дава увид во индиректното влијание што го имаат медиумите врз одредени области од животот. Иако е вистина дека политичките партии го имаат последниот збор во однос на изборните листи и владините функции, политичките партии се исто така многу чувствителни на јавното мислење. Во случаи кога јавното мислење ја препознава жената како експертка и компетентна политичарка, политичката партија е поверојатно да ја назначи на работно место со моќ за одлучување. Во оваа динамика, ТВ-емисиите се во единствена позиција да им дадат простор и можност на жените да градат слика што може да им донесе политичка позиција.

Надвор од чисто партиското опкружување, жените ќе имаат корист од поголема застапеност во медиумите и во други области. Позитивниот приказ на деловните жени може да влијае на јавното мислење и да поттикне поголем претприемачки дух кај жените. Вклучувањето на жени експертки за безбедносни прашања може да придонесе за покомплексно и повеќеслојно разбирање на безбедноста како човекова безбедност, наместо како национална безбедност. Генерално, вклучувањето на жените како експертки во јавноста може да придонесе за посеопфатен пристап кон креирање и проценка на политиките во целиот спектар на теми.

Ниските бројки во овој извештај, исто така, претставуваат голем потенцијал за подобрување. Продукциските тимови на секоја ТВ-емисија треба да се посветат на свесно зголемување на бројот на жени во емисиите сè додека не се постигне родов паритет од 50% мажи и 50% жени. ТВ-емисиите што го постигнуваат ова дефинитивно ќе се истакнат како позитивен пример во земјата, но и пошироко.

# ЗА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ

**Ивана ЈОРДАНОВСКА** е постара истражувачка и надворешна соработничка на Институтот ПРЕСПА и докторанд по политички науки и меѓународни односи на Универзитетот во Јужна Калифорнија.

Завршила дипломски студии по политички науки со специјализација во областа трансатлантски односи од Институтот за политички науки во Парис (Sciences Po), а потоа магистрирала надворешни односи на Универзитетот на Њујорк каде била стипендијант на програмата Фулбрајт.

Нејзиното професионално искуство вклучува работа за Вестминстер фондацијата за демократија и Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина, каде што работела на темите парламентарен надзор и справување и спречување на насилниот екстремизам. Во периодот 2017-2018 Ивана била советник за соработка со меѓународни организации на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Нејзините истражувачки интереси вклучуваат *трансатлантски односи, демократизација, соработка помеѓу авторитарни режими и родова еднаквост.*

Ивана е надворешна соработничка и постара истражувачка во Институт ПРЕСПА од декември 2020 година.

**Зорана АНТОВСКА** е истражувачка практикантка на Институтот ПРЕСПА.

Таа има завршено додипломски студии по политички науки и во моментов е кандидат за магистратура по политички науки од Правниот факултет Јустинијан Први на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. За време на студиите, таа станува дел од сесијата на подкасти „Јустинијан разговори" каде што во моментот е ко-водителка и дел од продуцентскиот тим. Таа има напишано и објави на блогови на различни теми за Институтот за човекови права во Скопје.

Зорана е истражувачка практикантка во Институт Преспа од јануари 2021.